РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Бр. 2112 - 99

29.11.2021 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 3 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16), Одборот за Националната рамка на квалификации, на седницата одржана на 19.11.2021 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Квалификацијата **Техничар за моделирање на облека** се распоредува на ниво IV, во Националната рамка на квалификации.

2. Ознаката на квалификацијата од точка 1 на оваа одлука во Регистарот на квалификации е **00099.**

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Одборот за Национална рамка на квалификации на седницата одржана на 19.11.2021 година ја разгледа и расправаше по квалификацијата **Техничар за моделирање на облека** со обем од 240 кредити, поднесена од страна на Министерството за образование и наука со барање бр. 12-11698/2 од 27.11.2018 година и утврди дека има предлог и позитивно мислење бр. 2110-10/16 од 08.01.2021 година од Секторската комисија за Текстил, кожа и слични производи, изготвена е во согласност со Методологијата за развој на стандарди на квалификации бр. 2608 од 06.02.2017 година, како и дека е споредлива со таквите квалификации и дека ги исполнува барањата за ниво IV, согласно Законот за Националната рамка на квалификации.

Имајќи го предвид горенаведеното Одборот за Национална рамка на квалификации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА
КВАЛИФИКАЦИИ

Борчо Алексов

Доставено до:
- **Одделение за Национална рамка на квалификации**

изготвил: Ивона Билинска
прегледал: Кети Костовска
контролирал: Нада Лазовска